**СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Скопје, ул. "12 Ударна бригада" бр. 2а, п-фах.228

тел./факс: 02/3126-351, 3230-829 www.upoz.org.mk e-mail: info@upoz.org.mk

СИНДИКАТ УПОЗ
Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија - УПОЗ
Бр. 0302-475/1
22.10 2021 год.
СКОПЈЕ

До
Претседателите на СО

Предмет: Известување

Почитувани колеги,

На 28-мата седницата на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ, одржана на 20.10.2021 година, беше донесена Одлука за распишување на избори во синдикалните организации и Синдикатот на УПОЗ.

Изборните активности, синдикалните организации треба да ги спроведат согласно Одлуката за распишување на изборите од **25.10 до 30.11.2021 година, а терминот и времето на одржување на состанокот во синдикалната организација, треба да биде во координација со Синдикатот на УПОЗ со цел да биде одреден претставник од Синдикатот на УПОЗ за учество на изборниот состанок.**

Синдикалните организации кои се организирани со Совет на повереници, изборните активности во подрачните единици, или регионалните одделенија треба да ги сповредат од 25.10 до 12.11.2021 година, а изборното Собрание во Синдикалната организација со подружници од 15.11 до 30.11.2021 година.

Записникот кој Ви го доставуваме во прилог на ова писмо заедно со евидентниот лист, веднаш по завршување на Вашето Собрание (а најдоцна до 5 дена по завршување на Собранието) треба да се достават пополнети до Синдикатот на УПОЗ.

Во врска со точката за предлагање за можен кандидат за Претседател на Синдикатот на УПОЗ, Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на 28-мата седница, го утврди Трпе Деаноски Генерален секретар на Синдикатот на УПОЗ за можен кандидат за Претседател на Синдикатот на УПОЗ и овој предлог да биде доставен на изјаснување во синдикалните организации.

За сите дополнителни информации, околу начинот на спроведување на изборните активности, може да се обратите кај Генералниот секретар Трпе Деаноски (trpe.deanoski@upoz.org.mk 078/482 403) и Стручниот соработник Бојан Трипуноски (bojan.tripunoski@upoz.org.mk 078/482 419).

Со почит,

Синдикат на УПОЗ
Претседател
Пецо Грујовски

Прилог:

- Одлука за распишување на изборни активности;
- Упатство за спроведување на изборите;
- Записник;
- Евидентни листови.